**Инфо билтен – декември 2022**



**Повици**

Доколку имате проектна идеја, крајниот рок за пријавување за ад-хок грантови за застапување во рамки на проектот #ЗаедноЗаКлиматскаАкција завршува на 10 декември 2022 на полноќ, побрзајте.

**COP27**

Сите заклучоци, одлуки и документи кои произлегоа од последната климатска конференција на ООН во Египет (COP27) се овде. Има многу за читање.

Одлуката за воспоставување на фондот за загуби и штети е продолжение на работата на WIM или Варшавскиот механизам за загуби и штети. Зошто толку прашина за оваа одлука? Повеќе за WIM.

Дискусиите за загуби и штети поттикнаа дискусии за итна потреба од Национални планови за адаптација како и влијанието на климатските промени врз здравствениот сектор и потребата за подготвеност тој да се справи со овие промени. Видете како треба да изгледа процесот на изработка на еден Национален план за адаптација.

Конечниот текст на одлуките од COP27 не ја спомнува потребата од прекин со употребата на СИТЕ фосилни горива како најголем виновник за климатските промени. Може да го видите краткото резиме или целиот извештај со визуелни содржини овде.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Каква е врската помеѓу родот и климатските промени? За оваа, за некои комплицирана тема, подготвивме инфографик.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Слободно споделувајте ја оваа серија на кратки видеа за заштеда на електрична енергија во домаќинствата, затоа што секоја акција е важна. #ШтедимеСтруја #ЗаедноЗаКлиматскаАкција

**Заштита на природа**

Заштитените подрачја сѐ уште функционираат без стабилни извори на финансирање! Информирајте се зошто заштитата на природата е проблем кој не се надминува и придонесете со ваши забелешки во отворениот документ Патоказ за заштита на природата.

Да го зачуваме нашето највредно! Погледнете го краткото документарно видео за заштитените подрачја кај нас. Патуваме до Шар Планина, Вевчани и Галичица. Фотографијата е феноменална!

Доколку сакате нашите деца и ученици подготвено да престојуваат и да ја истражуваат природата, оваа брошура ве советува како да се подготвите за пријатен и безбеден престој во природа.

Ако сте поминале сѐ низ Охрид и Струга и ви треба нова авантура, појдете во Вевчани и откријте ги Вевчанските извори (и другите благодети кои ги нуди чистата природа).

**Разно**

Има луѓе кои мислат дека Земјата е рамна и не ја гледаат како топка, а има и такви кои сѐ уште не сакаат да ги видат климатските промени во Македонија. Анализа на ИКС.

Дајте си малку време и за наука. Може да почнете со овој зборник на трудови за загадувањето во македонските градови и кои се решенијата. Од април 2019, но сѐ уште актуелно. Има за секого по нешто.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.